**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

Број 1303-434/7

Скопје, 04.08. 2008 година

**ДО**

**ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНО-ПРОИЗВОДНИ И УСЛУЖНИ РАБОТИ „ИСАР“-ШТИП**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ДАДЕНИ ПРЕПОРАКИ ВО КОНЕЧНИОТ ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР НА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНО-ПРОИЗВОДНИ И УСЛУЖНИ РАБОТИ „ИСАР“-ШТИП БР.1303-54/2 ОД 2007 ГОДИНА

## 1. Резиме

### 1.1. Основ за вршење на ревизијата на спроведување на препораките

Во 2006 година беше извршена ревизија на финансиските извештаи на Јавно претпријатие за комунално и услужни работи „Исар“-Штип за 2005 година.

Цел на ревизијата на финансиските извештаи беше изразување мислење за тоа:
- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;

### 1.2. Резиме на резултатите од ревизијата на спроведување на препораките

Во овој извештај на Овластениот државен ревизор (во понатамошниот текст ОДР) се презентирани резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките на Јавно претпријатие за комунално-производни и услужни работи „Исар“- Штип (во понатамошниот текст-јавното претпријатие). Во извештајот беа опфатени функционалните области на Финансиско известување, оценка на системот на сметководствени и финансиски контроли, користените сметководствени принципи, испитување на докази за потврдување конкретни финансиски трансакции, организациона поставеност и финансиско раководење на субјектот.

Во Конечниот извештај на ОДР Бр.1303-54/2 од 2007 година беа дадени вкупно дваесет и пет препораки. Препораките се однесуваат на преземање мерки од страна на одговорните лица во јавното претпријатие, управниот одбор и основачот на претпријатието за отстранување на утврдените слабости во извршувањето на дејностите од јавен интерес, организацијата и систематизацијата на работните места,

*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија – Скопје*
*тел:3211-262, факс:3126-311*

вистинито и објективно прикажување на билансните позиции во финансиските извештаи и законското и наменското користење на средствата.
Јавното претпријатие нема донесено Акционен план за имплементација на препораките по извршената ревизија за 2005 година со утврдени рокови и определени обврски по организациони делови и области, поради што со непосреден увид во спроведувањето на постапките за отстранување на утврдените слабости, ревизијата даде оценка за степенот на спроведување на препораките.

Според сумираните резултати од спроведување на препораките ревизијата оцени дека јавното претпријатие има направено одреден напредок во спроведување на препораките на ОДР, при што е утврден следниот статус по групи и истиот е презентиран во подолу наведениот преглед:

| **Статус на препораките на денот на вршење на ревизијата** | **2005** | |
|---|---|---|
| | **Број на препораки** | **% (процент)** |
| 1 | 2 | 3 |
| Спроведени препораки | 3 | 12 |
| Делумно спроведни | 15 | 60 |
| Во тек | 1 | 4 |
| Неспроведни | 6 | 24 |
| **Вкупно** | **25** | **100** |

***Спроведени препораки***

- За Неправилна примена на акти, утврдени се единаесет (11) неправилности за кои се дадени десет (10) препораки, од кои е спроведена една (1) препорака и тоа за точката 11.1.9 и 11.1.10, односно е напуштена праксата да се земаат стоки од правни лица – должници на претпријатието од страна на вработените и е изработен/усвоен Правилникот за начинот и постапката на вршење набавки од мала вредност.

- За Неправилна примена на сметководствени политики и начела, утврдени се осум (8) неправилности и дадени се шест (6) препораки, од кои е спроведена една (1) и тоа за точката 11.2.3, односно е донесена сметководствена политика за издвојување на средства на име задолжителна законска резерва во процент согласно законските прописи и истата се почитува.

- За Ненаменско и незаконско користење на средствата, утврдени се седум (7) неправилности и дадени се шест (6) препораки од кои е спроведена една (1) и тоа за точката 11.4.7 односно не се врши исплата на трошоци за користење на сопствено возило за службени потреби.

***Спроведување на препораки во тек***

- Во делот Неправилна примена на акти, од дадените десет (10) препораки за вкупно единаесет (11) неправилности во тек е спроведување на една (1) препорака и тоа за точката 11.1.5, при што во тек е: изработка на Правилник за организација и систематизација на работните места.

***Делумно спроведени препораки***

- Во делот Неправилна примена на акти, од дадените десет (10) препораки за вкупно единаесет (11) неправилности делумно се спроведени препораките за четири (4) точки и тоа 11.1.2, 11.1.7, 11.1.8 и 11.1.11, кои се однесуваат на

регулирање на неплатените обврски за проектот МЕАП, потпишување на договори со физичките лица и непречено функционирање на Надзорниот одбор за материјално – финансиско на јавното претпријатие.

- Во делот Неправилна примена на сметководствени политики и начела, од дадените шест (6) препораки за вкупно осум (8) неправилности, делумно се спроведени препораките за пет (5) точки и тоа 11.2.1, 11.2.2, 11.2.4, 11.2.5, 11.2.6, 11.2.7 и 11.2.8, односно донесени се сметководствени политики, но во истите не се пропишани политики за сите сметководствени настани кои се присутни во работењето/вршењето на дејностите на јавното претпријатие (евиденција на приходи/расходи кои се однесуваат на трети лица, воспоставување аналитичка евиденција за погребални услуги/создавање на солидарен фонд, вршење попис/вреднување на земјиштето, правилна евиденција на застарени/утужени побарувања и за извршени услуги во корист на Општина Штип); се донесени сметководствени политики за признавање на приходите/расходите со примена на активни/пасивни временски разграничувања но без целосно пропишана и воспоставена аналитичка сметководствена евиденција по основ на солидарен фонд (користење на погребални услуги по домаќинство/физичко лице); елаборатите за годишен попис не ги содржат сите податоци од поединечните Извештаи од попис на одделните комисии за попис; целосно не се почитуваат донесените сметководствени политики за изработка на работни налози; за евидентираниот отпис на побарувања не се презентирани акти за основот на искажаниот износ; и не се донесени сметководствени политики за признавање на приходите и расходите во моментот на нивното настанување и за периодот за кој се однесуваат; и целосно не е почитуван принципот на фактурирана реализација за услугите што ги извршува јавното претпријатие за општина Штип.

- Во делот Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојба, од дадените три (3) препораки за вкупно три (3) неправилности делумно е постапено по две (2) препораки и тоа за точките 11.3.1 и 11.3.3, односно донесени се потребните сметководствени политики за признавање и мерење на позицијата државен јавен капитал, но не се презентирани акти за основот на евидентираниот износ и не се врши документирање/изготвување на записници од усогласување на најголемиот дел на отворени ставки на побарувања и обврски;

- Во делот Ненаменско и незаконско користење на средствата, од дадените шест (6) препораки за вкупно седум (7) неправилности делумно е постапено по четири (4) точки и тоа 11.4.1, 11.4.3, 11.4.4, 11.4.5 и 11.4.6, односно не се врши целосно почитување на одредбите од Законот за јавни набавки; донесена е одлука за укинување на сите одлуки за издвојување на средства за спонзорирање/финансирање на фудбалски клубови и наплата на средства за спортски денар, а Советот на општината Штип, наложува на јавното претпријатие исплата на средства на фудбалски клубови и продолжува воспоставената пракса на искажување, наплата и евиденција на манипулативни трошоци во сите излезни фактури; се ангажираат работници за привремени работи преку Агенцијата за привремено вработување, без пропишани политики за нивно ангажирање, акти за потребата од дополнителна работна сила, критериуми за избор, начин и динамика на вработување; донесена е одлука за исплата на регрес за годишен одмор, но истата не содржи поединечни и вкупни износи на средства за исплата.

***Неспроведени препораки***

- Во делот Неправилна примена на акти, од дадените десет (10) препораки за вкупно единаесет (11) неправилности не се спроведени препораките за четири (4) точки и тоа 11.1.1, 11.1.3 , 11.1.4 и 11.1.6 односно јавното претпријатие и основачот не превземале активности за усогласување на дејностите на претпријатието со Законот за јавни претпријатија; не се почитуваат одредбите од Проект договорот склучен во 2000 година помеѓу јавното претпријатие, основачот/општина Штип и Европска банка за обнова и развој; и не е презентиран акт за усогласување на одлуката од 1997 година со Законот за јавни претпријатија и акт дека јавното претпријатие „Исар“ Штип е правен следбеник на јавното претпријатие „Фортуна“ Штип и не е изршено усогласување на одредбите на Статутот и Правилникот за организација и систематизација на работните места во согласност со Законот за јавни претпријатија.

- Во делот Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојба, од дадените три (3) препораки за вкупно три (3) неправилности не е спроведена препораката за една (1) точка и тоа за 11.3.2, односно не се пропишани политики за попис, евиденција и следење на вредноста на земјиштето за кое не е извршен попис;

- Во делот Ненаменско и незаконско користење на средствата, од дадените шест (6) препораки за вкупно седум (7) неправилности не е постапено по една (1) точката и тоа 11.4.2 при што е нанесена материјална штета на претпријатието по основ на непочитување на договорот за краткорочен закуп на земјиштето на Плато пазар.

## 1.3. Препораки

Ревизијата препорачува јавното претпријатие да пристапи кон навремено завршување на активностите по препораките чие спроведување е во тек, да продолжи со целосна реализација на делумно спроведените препораки, и да превземе мерки и активности за отпочнување со постапување по препораките за кои до денот на ревизијата не постапило.

# 2. Вовед

## 2.1. Предмет на ревизијата

Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на спроведувањето на дадените препораки во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор бр.1303-54/2 од 25.01.2007 на Јавно претпријатие за комунално-производни и услужни работи „Исар“-Штип.

## 2.2. Законски основ

Ревизијата од точка 2.1 на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 и член 23 став 9 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 6 и 9 од Законот за државна ревизија.

## 2.3. Континуитет

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за спроведување на дадените препораки во конечниот извештај на овластениот државен ревизор на Јавно

претпријатие за комунално-производни и услужни работи „Исар“-Штип, за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

## 2.4. Одговорност на раководството на субјектот и на ревизорите на ДЗР

Спроведувањето на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор е одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Здравко Коцев, вршител на должноста директор од 27.10.2005 година до 28.06.2007 година;
- Симеонче Донев, директор со неограничени овластувања од 28.06.2007 година;

Одговорност и задача на ревизорите е да извршат ревизија/проверка на степенот до кој препораките дадени во конечните ревизорски извештаи се спроведени и да донесат заклучоци врз база на прибраните докази.

## 3. Цел на ревизијата

Цел на оваа ревизија е да се оцени степенот до кој препораките по наодите презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор бр. 1103-434/6 од 2007 година се спроведени, да се даде оцена на соодветноста на превземените мерки по однос на дадените препораки и да се процени статусот на одговорите на менаџментот (ИЗПМ – С Образец) и нивното ефективно имплементирање согласно дадените препораки

## 4. Опфат и методологија, период на вршење на ревизијата и извршители

Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. За време на ревизијата, извршивме испитување на сметководствените евиденции и поткрепувачка документација, спроведовме ревизорски постапки за оцена на усогласеноста со ревизорските стандарди и закони и одредување на соодветноста на постапките во однос на ревизорските цели, интервјуиравме одговорни лица на субјектот, извршивме процена на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, дадовме општа оценка на презентираните докази за спроведување на препораките и оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за степенот до кој препораките по наодите презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор бр. 1303-54/2 од 2007 година се спроведени и соодветноста на превземените мерки.

Ревизијата од точка 2.1. погоре е планирана и извршена од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 19.05.2008 година до 30.05.2008 година.

## 5. Резултати од ревизијата на спроведување на препораките

**5.1.** Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија кој се одржа на ден 30.05.2008 година.

### 5.2. Неправилна примена на акти

### 5.2.1. Наод во конечниот извештај на ОДР од 2007 година, точка 11.1.1.

Јавното претпријатие е регистрирано за извршување на дејности кои согласно Законот за јавни претпријатија и Законот за комуналните дејности не се утврдени како дејности од јавен интерес и тоа: друга трговија на мало во продавници со мешовита стока, трговија на мало со козметички и тоалетни препарати, трговија на мало со апарати на домакинство, радио и телевизиски услуги, градежни материјали, трговија на мало со месо и производи од месо, итн. а воедно извршува и дејност „бањско лекувалиште-Кежовица“ за кое не е регистрирано. Регистрирањето на дополнителни дејности има за ефект извршување на дејности кои не се од јавен интерес, за кои претпријатието не е регистрирано и овластено за извршување на наведените дејности и можност за намалување на квалитетот на извршување на основните дејности од јавен интерес.

**Препорака бр.1**

Менаџментот и основачот на претпријатието да превземат мерки и активности во иднина претпријатието да извршува само дејности што се од јавен интерес односно го усогласат работењето на претпријатието согласно Законот за јавните претпријатија и Законот за комуналните дејности и други законски акти кои ги дефинираат дејностите од јавен интерес.

**Коментар на субјектот**

На седницата на Управниот одбор од 17.01.2008 година е донесен заклучок според кој основачот/општината Штип има обврска да превземе мерки и активности за утврдување на дејностите од јавен интерес, односно изменување и дополнување на потребните акти со кои јавното претпријатие ќе извршува само дејности од јавен интерес.
Градоначалникот на општина Штип ја потенцира потребата во јавното претпријатие да се изврши издвојување на суштинските од несуштинските дејности, а директорот на претпријатието бил задолжен да изработи елаборат, но основачот нема информација дека истиот е изработен. Се планира во иднина да се изврши поделба на претпријатието на повеќе правни субјекти и формирање заеднички служби, меѓутоа голем проблем претставуваат обврските по делбениот биланс.

**Тековен статус на препораката бр.1**

Не е спроведена препораката, односно јавното претпријатие не извршило бришење на дејностите кои немаат карактер на дејности од јавен интерес/усогласување на дејностите на јавното претпријатие со Законот за јавни претпријатија.
Основачот не ги реализирал започнатите активности за усогласување на работењето на претпријатието согласно Законот за јавните претпријатија и Законот за комуналните дејности и други законски акти кои ги дефинираат дејностите од јавен интерес.

### 5.2.2. Наод во конечниот извештај на ОДР од 2007 година, точка 11.1.2.

На ден 22.09.2000 година Република Македонија потпишала договор со Европска Банка за обнова и развој, за финансирање на проектот МЕАП-Акциона програма за унапредување на општините и животната средина во износ од 20.800.000 Евра односно намалени за износот на откажаните средства вкупното задолжување на Република Македонија изнесува 17.303.137,60 Евра, кои средства се наменети за унапредување на општините и животната средина и истите се доделени меѓу другите и на Јавното претпријатие..... „Исар“-Штип. За уредување на начинот на препозајмување на средствата од наведениот кредит, Министерството за финансии во име на Владата на Република Македонија, потпишува под-договори за заем, каде како договорни страни се јавуваат јавните претпријатија и општините основачи на претпријатијата, односно јавното претпријатие ....„Исар“-Штип и општината Штип. На претпријатието првично му се одобруваат вкупно 3.650.000 Евра за да подоцна откаже 950.000 Евра, со кое вкупното задолжување изнесува 2.700.000 Евра. Заклучно со 31.08.2006 година претпријатието повлекува 2.596.256,55 Евра, за кои за периодот од 18.01.2003 година до 18.07.2006 година пресметана е камата во износ од 160.121,86 Евра и провизија во износ од 43.944,15 Евра. Претпријатието не ги почитува одредбите од под-договорот за заем со што не ги уплатува потребните средства кон Европска Банка за обнова и развој/ЕБРД, односно од вкупната обврска по основ на главнина, камата и провизија заклучно со 18.07.06 година во износ од 609.152,64 илјади денари подмирува само 200.314,34 Евра. Непочитувањето на одредбите од договорот предизвикува средствата во износ од 408.838,30 Евра да ги подмири Министерството за финансии на Република Македонија со што се создаваат дополнителни непредвидени расходи во Буџетот на Република Македонија и можност за предизвикување на матријална штета доколку не се наплатат од јавното претпријатие и основачот.

**Препорака бр.2**

Претпријатието во соработка со основачот да превземат активности за регулирање на неплатените обврски согласно склучениот договор за заем со Министерството за финансии.

**Препорака бр.3**

Министерството за финансии да пристапи кон регулирање на неплатените обврски од страна на Јавното претпријатие, го извести основачот и доколку не се изнајде решение да пристапи кон реализација на соодветните гаранции.

**Коментар на субјектот**

Превземени се активности за склучување на Анекс договор помеѓу јавното претпријатие, основачот/општина Штип и Министерството за финансии, заради регулирање на начинот на плаќање на заостанатите обврски (главнина, камата и провизија) на јавното претпријатие кон Министерството за финансии, по кредитот од Европска банка за обнова и развој за проектот МЕАП, но до денот на вршењето на ревизијата договор не е потпишан.
Од 01.11.2007 година претпријатието редовно ги сервисира своите обврски кон Министерството за финансии (месечно плаќање на рата) по наведениот кредит.

**Тековен статус на препораката бр.2 и 3**

Делумно е постапено по препораката број 2 и 3 за што јавното претпријатие и Министерството за финансии превземаат одредени активности за регулирање на ненаплатените обврски, но до денот на ревизијата не е извршено потпишување на Амадман број 1 на поддоговорот за кредит (Акциона програма за унапредување на

општините и животната средина) од договорните страни: Министерство за финансии, Јавно претпријатие „Исар“ Штип и општина Штип, (изготвен во јуни 2007 година) за побарувањата на Буџетот на Република Македонија од јавното претпријатие во вкупен износ од 46.182 илјади денари, за плаќање на 24 месечни рати. Во текот на 2007 година платени се три рати во износ од 4.452 илјади денари, а до денот на ревизијата уште пет рати во износ од 7.420 илјади денари, односно вкупно 11.872 илјади денари. До денот на ревизијата, јавното претпријатие има неподмирени заостанати обврски кон Министерството за финансии на Република Македонија во вкупен износ од 49.741 илјади денари.

### 5.2.3. Наод во конечниот извештај на ОДР од 2007 година, точка 11.1.3.

Јавното претпријатие не обезбедило доследно почитување на одредбите од Проект договорот склучен помеѓу Јавното претпријатие, основачот/Општина Штип и Европска банка за обнова и развој склучен во 2000 година, односно не: отворил банкарска сметка за приходи за посебни цели во рокот кој што бил предвиден, ги депонира сите приходи кои се поврзани со услугите за вода и отпадни води, склучил договори со корисниците на услуги и изготвува посебни сметки за вода и отпадни води и други услуги обезбедени од претпријатието, што е спротивно на одредбите од наведениот договор. Непочитувањето на одредбите од наведениот договор предизвикуваат можност на прелевање на средствата наменети за отплата на одобрениот кредит за покривање на други расходи на претпријатието.

**Препорака бр.4**

Да се превземат сите неопходни активности во насока на почитување на одредбите од склучениот проект договор а пред се кон континуирано издвојување на потребните средства за редовно сервисирање на обврските кон ЕБРД.

**Коментар на субјектот**

Отворена е сметка во Стопанска банка АД за вршење на работи во домашниот платен промет и истата се користи за плаќање на обврските на јавното претпријатие кон Министерството за финансии.

**Тековен статус на препораката бр.4**

Не е спроведена препораката, односно јавното претпријатие не постапува по наведената препорака бидејќи истото не ги депонира сите приходи кои се поврзани со услугите за вода и отпадни води, не склучило договори со сите корисниците на услуги и не ја користи строго наменски (само за плаќање на обврските кон Министерството за финансии) отворената сметка.

### 5.2.4. Наод во конечниот извештај на ОДР од 2007 година, точка 11.1.4.

Советот на општина Штип на седницата одржана на 06.03.1997 година донесува Одлука за основање на Јавно претпријатие “Исар“-Штип за подрачјето на општината Штип, со основачки влог/обртни средства во износ од 500 денари. На седницата одржана на 10.03.1997 година и 11.03.1997 година Советот на општината донесува Одлука за начинот на употреба на средствата остварени со работењето на Јавното претпријатие за комунално-производни и услужни работи “Фортуна“ – Штип заведено под број 0202-203 со која е утврдено дека средствата на наведеното претпријатие остварени со досегашното работење се пренесуваат на Јавното претпријатие “Исар“ – Штип и Одлука за пренесување на сите материјални и нематеријални вложувања во ЈП за комунални-

производни и услужни работи “Фортуна“ – Штип на ЈП за комунално-производни и услужни работи “Исар“-Штип со која сите материјални и нематеријални вложувања во ЈП “Фортуна“ – Штип се пренесуваат во ЈП “Исар“ Штип, без притоа да се донесе соодветен акт за начинот на регулирање на обврските коjшто ЈП “Фортуна“ – Штип (долгорочни и краткорони обврски 37.520 илјади денари) ги има кон поврзаните субјекти, земени заеми и кредити, обврски за аванси, обврски спрема добавувачите и обврски за даноци, придонеси и други давачки. За работењето односно одржување на статус кво на состојбата на ЈП “Фортуна“ – Штип е одредено лицето Љ. П. кој и покрај тоа што е вработен во ЈП “Фортуна“ – Штип извршува работни задачи и е распореден на работно место раководител на работна единица во ЈП “Исар“ – Штип и целокупните побарувања и обврски од работниот однос ги остварува преку трансферирање на средства од едното во другото претпријатие до крајните корисници на даноците и придонесите од плата по пат на цесија. Ревизијата изразува сомнеж во постапката на донесувањето на погоренаведените одлуки и нивната усогласеност со Законот за јавните претпријатија кое има за ефект нанесување на материјална штета на доверителите на ЈП “Фортуна“ – Штип и неуплатени даноци и придонеси во Буџетот на Република Македонија.

**Препорака бр.5**

Основачот на Јавните претпријатија да изврши усогласување на претходно донесените одлуки со Законот за јавни претпријатија и донесе соодветен акт со кој ќе констатира дека ЈП Исар – Штип е правен следбеник на ЈП Фортуна Штип со што покрај превземањето на вложувањата и средствата на претпријатието ќе изврши превземање и на создадените обврски.

**Коментар на субјектот**

Јавното претпријатие издејствува пресуда од Врховниот суд на Република Македонија од ден 26.12.2002 година, под Гзз нр.96/02 во која освен останатото е наведено дека помеѓу ЈП „Фортуна“ - Штип и ЈП „Исар“ - Штип нема склучено договор со кој би се уредиле имотните односи, а Општина Штип нема обврска да ги плати долговите на ЈП “Фортуна“ - Штип.
Во однос на ангажирањето на лицето Љупчо Панајотов на работа во РЕ Комунална хигиена во јавното претпријатие, а со пријавен односно регулиран работен однос во ЈП „Фортуна“ - Штип, се превземени активности и истиот е одјавен од ЈП „Фортуна“ - Штип и пријавен во Јавно претпријатие за комунално - производни услужни работи „Исар“-Штип.

**Тековен статус на препораката бр.5**

Не е постапено по препораката, односно не е презентиран акт донесен од основачот/општина Штип за извршено усогласување на одлуките од Советот на општината (од 10.03.1997 и од 11.03.1997 година) со Законот за јавни претпријатија и не е презентиран акт со кој ќе се констатира дека ЈП „Исар“ – Штип е правен следбеник на ЈП „Фортуна“ - Штип.
Лицето Љупчо Панајотов од ден 18.01.2008 година засновало работен однос во Јавното претпријатие за комунално - производни услужни работи „Исар“-Штип.

**5.2.5. Наод во конечниот извештај на ОДР од 2007 година, точка 11.1.5.**

На ден 03.12.1999 година управниот одбор на претпријатието донесува Правилник за организација и систематизација на работните места во јавното претпријатие архивиран под број 02-19151/2 во кој покрај описот и пописот на работните задачи во организационите делови не е наведен потребниот број на вработени за дел од работните места со назнака „извршители според планот“ со кој ке се извршуваат наведените работни

задачи и бројот на бодови за секое работно место, односно приложената збирна табела не е архивски заверена и одобрена/потпишана од овластено лице. Ненавременото превземање на активности за дефинирање на вкупниот број на извршители предизвикува и овозмжува несоодветно организирање и искористување на работната сила, неекономично работење и субјективен пристап при одлучувањето за потребите од работна сила од страна на надлежните органи.

**Препорака бр.6**

Да се превземат активности за пропишување на потребниот број на извршители и соодветниот број бодови за секое работно место во Правилникот за организација и систематизација на работните места.

**Коментар на субјектот**

Превземавме активности за изработка на нов Правилник за организација и систематизација на работните места и по утврдување на конечната верзија истиот ќе биде доставен на разгледување и одобрување од страна на управниот одбор.

**Тековен статус на препораката бр.6**

Во тек е спроведување на препораката, односно презентирана е работна верзија на Правилник за организација и систематизација на работните места во кој е определен бројот на извршители, но бројот на бодови на секое работно место сеуште не е определен. Работната верзија на Правилникот... содржи работно место заменик директор, кое не е предвидено со Законот за јавните претпријатија, поради што претпријатието треба да обезбеди содржината/одредбите на Правилникот ... да бидат усогласени со законските и подзаконските прописи.

**5.2.6. Наод во конечниот извештај на ОДР од 2007 година, точка 11.1.6.**

Јавното претпријатие пристапува кон донесување на Правилникот за организација и систематзација на работни места кој во делот на условите што треба да ги исполнува лицето за директор на претпријатието не се усогласени со член 33 од Статутот на Јавното претпријатие за Комунално-производни и услужни работи „Исар“- Штип. Непочитувањето на одредбите од Статутот на претпријатието овозможува за вршител на должноста директор на претпријатието да биде поставено лице кое не ги исполнува предвидените услови со Статутот.

**Препорака бр.7**

Надлежните органи да пристапат кон усогласување на одредбите на Статутот и Правилникот за организација и систематизација на работните места во согласност со Законот за јавните претпријатија во делот на условите кои треба да ги исполнува директорот на претпријатието.

**Коментар на субјектот**

Со донесувањето на новиот Правилник за организација и систематизација на работните места (чија изработка е во тек) ќе се пристапи кон усогласување на истиот со Статутот и Законот за јавните претпријатија во делот на условите кои треба да ги исполнува директорот на претпријатието.

**Тековен статус на препораката бр.7**

Не е спроведена препораката, односно јавното претпријатие до денот на ревизијата не презентираше акти за извршено усогласување на Правилникот за организација и систематизација на работните места со Статутот и Законот за јавните претпријатија во делот на условите кои треба да ги исполнува директорот на претпријатието.

**5.2.7. Наод во конечниот извештај на ОДР од 2007 година, точка 11.1.7.**

Јавното претпријатие не превземало соодветни активности за склучување на договор помеѓу давателот/јавното претпријатие и корисниците на услугите со кој ке ги регулираат меѓусебните права и обврски согласно Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води и Законот за управување со отпадот што е спротивно на одредбите од член 48 односно член 43 став 8 и член 121 став 4. Непочитувањето на одредбите од наведените закони односно неуредување на меѓусебните права и обврски помеѓу давателот на услугите/Јавното претпријатие и корисниците на услугите, создава можност за: несоодветно и неквалитетно извршување на услугите, отежната наплата на извршените услуги и генерирање на непредвидени расходи.

**Препорака бр.8**

Да се изврши доследно почитување на одредбите од Законот за облигационите односи како и на Законот за снабдување со вода за пиење и одводнување на урбани отпадни води, а пред се во делот на склучување на договори со корисниците на услугите и регулирање на начинот на плаќање, односно напуштање на воспоставената пракса за плаќање во натура/одработување (оваа препорака се однесува и за точка 11.1.8 од конечниот извештај на овластениот државен ревизор од 2007 година.

**Коментар на субјектот**

Пристапено е кон склучување на договори од март 2008 година само со физички лица, додека со правните лица не се склучуваат договори поради тоа што им доставуваме фактура.

**Тековен статус на препораката бр.8**

Делумно е спроведена препораката во делот на склучување на договори со корисниците на услугите, односно започнувајќи од март 2008 година пристапено е кон склучување договори (за вода и за смет) само со физичките лица, но до денот на ревизијата од вкупниот број евидентирани обврзници од 12.465 физички лица склучени се 330 договори (2,65%). Со ниедно правно лице не е склучен договор за уредување на меѓусебните права и обврски.

**5.2.8. Наод во конечниот извештај на ОДР од 2007 година, точка 11.1.8.**

Јавното претпријатие воспоставило пракса на склучување на Договори со корисниците на услугите/физички лица кои не ги исполнуваат обврските за плаќање на надоместокот за извршената услуга да истата ја заменат со работно ангажирање за потребите на претпријатието. Во текот на 2005 година бројот на ваквите договори од месец во месец е променлив и се движи просечно од 9-38 Договори, без да постои соодветен акт донесен од надлежен орган за пристапување и овозможување на користење на ваквата постапка за исполнување на обврските за извршените услуги од страна на физичките лица односно да се даде подеднаква можност на сите корисници на услугите. Ваквата состојба е спротивна на одредбите од Законот за јавните претпријатија и Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води и има за ефект пречекорување на

овластувањата на директорот на претпријатието, создавање на нерамноправна и еднаква положба на корисниците на услугите и исполнување на обврските на недозволен начин односно во натура.

**Препорака бр.8**

Да се изврши доследно почитување на одредбите од Законот за облигационите односи како и на Законот за снабдување со вода за пиење и одводнување на урбани отпадни води а пред се во делот на склучување на договори со корисниците на услугите и регулирање на начинот на плаќање, односно напуштање на воспоставената пракса за плаќање во натура/одработување.

**Коментар на субјектот**

Управниот одбор на 22.09.2006 година донел одлука со која по договор на дело да се вработуваат само лица кои ќе одработуваат за неплатени сметки, а кои се предложени од здружението на стечајни работници, меѓутоа нема одлука за раскинување на тие договори.

**Тековен статус на препораката бр.8**

Делумно е спроведена препораката во делот на воспоставената пракса за плаќање во натура/одработување на лицата ангажирани во јавното претпријатие, односно ваквата состојба е надмината во 2008 година, до денот на ревизијата на аналитичката сметка „услуги по договор за дело од одработено“ се искажани трошоци од 2 илјади денари, на која во во 2006 година е искажан износ од 964 илјади денари, а во 2007 година износ од 187 илјади денари.

**5.2.9. Наод во конечниот извештај на ОДР од 2007 година, точка 11.1.9.**

Заклучно со месец ноември 2005 година претпријатието воспоставило пракса „под изговор“ за потребите на своите вработени од една страна и намирување на своите побарувања од правните субјекти од друга страна да воспостави деловни односи кои предизвикуваат меѓусебно компензирање на побарувањата и обврските помеѓу вработените, претпријатието и комитентите (разни правни субјекти кои вршат понуда на разни производи) со што во текот на 2005 година направен е вкупен промет во износ од 4.008 илјада денари. Ваквата состојба предизвикува нарушување на уставниот принцип на еднаквост на правните субјекти односно нерамноправна и еднаква положба на корисниците на услугите и исполнување на обврските на недозволен начин односно во натура.

**Препорака бр.9**

Јавното претпријатие да пристапи кон пропишување на соодветни постапки и процедури кои ќе овозможат изработка на потребните акти и обезбедување на фер конкуренција и еднаква положба на понудувачите.

**Коментар на субјектот**

Надлежните органи за раководење на претпријатието ги превземаа потребните активности за напуштање на воспоставената пракса да се земаат одредени стоки од правни лица – должници на претпријатието од страна на вработените.

**Тековен статус на препораката бр.9**

Спроведена е препораката и покрај тоа што не е презентиран акт со кој ќе се прекине воспоставената пракса, но со увидот на сметката обврски спрема вработени за исхрана е утврдено дека на истата не се врши евиденција од февруари 2006 година односно претпријатието постапило по препораката.

**5.2.10. Наод во конечниот извештај на ОДР од 2007 година, точка 11.1.10.**

Не се превземени соодветни мерки и активности за: изработка на интерен акт Правилник на набавки од мала вредност со кој ке се регулираат набавките од мала вредност односно ке се утврди организациониот облик или лицето кое ке биде одговорно за собирање на понудите, начинот на собирање на понудите, начинот на извршување на договорот доколку е склучен и контрола на неговото извршување; изработка на соодветна тендерска документација (освен спецификација); изготвување на извештај за евалуација на понудите за поодделната јавна набавка, изработка на Одлуки за избор на најповолен понудувач во кои ке биде содржано правото/поука за жалба, што е спротивно на одредбите од Законот за јавни набавки и Законот за општа управна постапка. Непревземањето на потребните активности и непочитувањето на наведените акти предизвикува можност за ненаменско и незаконско користење на средствата и необезбедување фер конкуренција и еднаква положба на понудувачите.

**Препорака бр.9**

Јавното претпријатие да пристапи кон пропишување на соодветни постапки и процедури кои ќе овозможат изработка на потребните акти и обезбедување на фер конкуренција и еднаква положба на понудувачите.

**Коментар на субјектот**

Во тектот на 2006 година е изработен Правилникот за начинот и постапката на вршење набавки од мала вредност (усвоен во февруари 2007 година) од кога и се применува.

**Тековен статус на препораката бр.9**

Спроведена е препораката, односно на ден 13.02.2007 година управниот одбор го усвоил Правилникот за начинот и постапката на вршење набавки од мала вредност и по истиот јавното претпријатие постапува.

**5.2.11. Наод во конечниот извештај на ОДР од 2007 година, точка 11.1.11.**

Во текот на 2005 година надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење не одржал ниту една седница со што не обезбедил доследно почитување на одредбите од Законот за јавните претпријатија а пред се во делот на прегледување на годишните сметки и извештајот за работа на претпријатието, составување на извештај и давање соодветно мислење за истите. Неодржувањето на потребните седници и неизвршувањето на контрола на годишните сметки и извештајот за работа предизвикува неостварување на надлежностите и обврските кои се дадени на надзорниот одбор, отсуство на мислење за работењето на претпријатието, не доставување на Извештајот за прегледот на годишните сметки и извештајот за работењето на јавното претпријатие до Министерот за финансии и до министерот надлежен за работите на соодветната дејност и не информирање на управниот одбор и основачот за состојбите во претпријатието.

**Препорака бр.10**

Основачот на претпријатието да ги превземе потребните активности и обезбеди нормално функционирање на одборот за контрола на материјално-финансиско работење.

**Коментар на субјектот**

Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење во текот на 2007 година и наваму континуирано ги врши своите надлежности утврдени во Законот за јавни претпријатија.

**Тековен статус на препораката бр.10**

Делумно е спроведена препораката, односно надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на јавното претпријатие изготвил извештаи по годишна сметка за 2006 и 2007 година (за 2006 година е усвоен од управниот одбор на 28.02.2007 година, а за 2007 година не е презентиран акт за усвојување) при што извештајот за 2006 година не е испратен до Министерството за финансии, а за 2007 година надзорниот одбор искажал мислење само за Билансот на успех (истиот е испратен до Министерството за финансии). Не се презентирани записници од седниците на надзорниот одбор од кои може да се констатира дали надзорниот одбор своето работење целосно го реализирал согласно Законот за јавни претпријатија.

## 5.3. Неправилна примена на сметководствени политики и начела

### 5.3.2. Наод во конечниот извештај на ОДР од 2007 година, точка 11.2.1.

Надлежните органи на јавното претпријатие не превземале соодветни активности за пропишување и донесување на сметководствени политики кои ке бидат усогласени со секој МСФИ кој е на сила на известувачкиот датум кои ке преставуваат основа за подготовка на финансиските извештаи односно неговите први финансиски извештаи подготвени според МСФИ, при што да се осигурат дека финансиските извештаи обезбедуваат информации кои се релеватни и веродостојни за потребите за донесување на одлуки од страна на корисниците, што е спротивно на член 469 од Законот за трговските друштва, точка 20 од МСС-1 Презентирање на финансиски извештаи и точка 7 од Меѓународниот стандард за финансиско известување - 1 Првично усвојување на Меѓународните стандарди за финансиско известување. Непочитувањето на наведените законски акти и меѓународни стандарди предизвикуваат финансиските извештаи на претпријатието да не бидат изработени во согласност со барањата утврдени во наведените стандарди кое има свое влијание во насока на релевантноста и веродостојноста на информациите кои ги обезбедуваат финансиските извештаи.

**Препорака бр.1**

Да се превземат активности за пропишување и имплементирање на сметководствени политики, како и да се обезбеди континуирана едукација на вработените во одделението за сметководство од областа на МСС и МСФИ, кое ќе преставува основа за изработување на финансиските извештаи согласно барањата утврдени во цитираните стандарди.

**Коментар на субјектот**

Постапивме по дадената препорака, ги изготвивме потребните сметководствени политики и ги доставивме на усвојување/донесување од страна на управниот одбор кој истите ги усвои на седницата одржана на ден 13.02.2007 година.

**Тековен статус на препораката бр.1**

Делумно е постапено по препораката, односно Управниот одбор на ден 13.02.2007 година донел одлука за прифаќање на Предлог одлуката за примена на Сметководствени политики број 0204-658 од 12.09.2006 година без да биде пропишан/уреден начинот на мерење, евиденција и сметководствено искажување на сметководствените настани и тоа: евиденција на приходи/расходи кои се однесуваат на трети лица, воспоставување аналитичка евиденција за погребални услуги/создавање на солидарен фонд, вршење попис/вреднување на земјиштето, правилна евиденција на застарени/утужени побарувања и за извршени услуги во корист на општина Штип.

### 5.3.3. Наод во конечниот извештај на ОДР од 2007 година, точка 11.2.2.

Јавното претпријатие не превземало соодветни постапки за пропишување на соодветни сметководствени политики и нивна примена во процесот на признавање и мерење на приходите и расходите поради тоа што пристапило кон искажување во сметководствената евиденција приходи и расходи за финансирање на спортски друштва во општината Штип, што е спротивно на точка 8 и 9 од МСС 18 Приходи и точка 22 од Рамката за подготвување и презентирање на финансиските извештаи. Непочитувањето на наведениот стандард предизвикува искажување на приходи и расходи во финансиските извештаи кои се однесуваат за трети лица, а со тоа се врши намалување на квалитетот на финансиските извештаи, намалување на релевантноста и веродостојноста на дадените информации и преценување односно потценување на приходите/расходите и преценување/потценување на финансискиот резултат-загуба за соодветниот износ.

**Препорака бр.2**

Да се воспостават сметководствени политики за признавање на приходите и расходите во моментот на нивното настанување и за периодот за кој се однесуваат, како и да се врши примена на начелото на фактурирана реализација со што евиденцијата во трговските книги ќе биде усогласена со Законот за трговски друштва и со одредбите од МСС (оваа препорака се однесува и за точките 11.2.4. и 11.2.8).

**Коментар на субјектот**

Управниот одбор ја донесе одлуката број 0202-92/1 од 31.01.2008 година (со важност од 01.02.2008 година) со која престануваат да важат сите претходно донесени одлуки за издвојување на средства наменети за спонзорирање/финансирање на ФК „Брегалница“ Штип, со што извршивме спроведување на дадената препорака.

**Тековен статус на препораката бр.2**

Делумно е спроведена препораката во делот на донесување на сметководствени политики за признавање на приходите/расходите односно платени трошоци за нареден период и недостасана наплата на приходи, а во делот на донесување на сметководствените политики за процесот на признавање и мерење на приходите и расходите во финансиските извештаи кои се однесуваат за трети лица не е постапено.

### 5.3.4. Наод во конечниот извештај на ОДР од 2007 година, точка 11.2.3

Јавното претпријатие нема воспоставено сметководствени политики и не превземало активности за: распределба на добивката од претходните години, создавање на законски утврдената резерва односно издвојување на средства на име задолжителна законска резерва, резервниот фонд кој не може да биде помал од 15% од добивката, се додека

резервите на друштвото не достигнат износ кој е еднаков на една петина од основната главнина, обезбедување согласност на Одлуката за покривање на загубата за финансиската година и покрај тоа што претпријатието на име акумулирана добивка има искажано износ од 47.946 илјади денари, што е спротивно на член 485 од Законот за трговски друштва и член 11 од Законот за јавните претпријатија. Непочитувањето на одредбите од наведениот закон, предизвикува неможност за: распределба на акумулираната добивка, располагање со задолжителна законска резерва, необезбедување согласност на актот за покривање на загубата и оневозможување на постапување на надлежните органи.

**Препорака бр.3**

Да се воспостават политики и начела за издвојување на средства на име задолжителна законска резерва во процент кој согласно законските прописи не може да биде помал од 15% од добивката се додека резервите на друштвото не достигнат износ кој што е еднаков на една петтина од основната главнина на претпријатието.

**Коментар на субјектот**

Пропишани се сметководствени политики за издвојување на средства на име законска резерва во процент од 15% од добивката, се додека резервите на друштвото не достигнат износ кој е еднаков на 1/5 од основната главнина и истото е содржано во делот од Предлог одлуката за примена на Сметководствени политики (усвоена од Управниот одбор на 12.02.2007 година).

**Тековен статус на препораката бр.3**

Спроведена е препораката, односно донесени/усвоени се сметководствени политики за издвојување на средства на име законска резерва во процент од 15% од добивката се додека резервите на друштвото не достигнат износ кој е еднаков на 1/5 од основната главнина. Управниот одбор на ден 28.02.2008 година донел одлука за усвојување на годишна сметка за 2007 година, со што искажаната нето добивка во износ од 886 илјади денари ја распоредува за покривање на загубите од минати години.

**5.3.5. Наод во конечниот извештај на ОДР од 2007 година, точка 11.2.4**

Врз основа на Заклучокот на Собранието на општина Штип број 08-328/2 од 13.05.1993 година, кој не е презентиран на ревизијата што преставува ограничување на делокругот на ревизијата, Јавното претпријатие пристапува кон склучување на договори со физички лица/домакинства за плакање на погребалните услуги односно создавање на солидарен фонд. По овој основ претпријатието во трговските книги искажува приход во износ од 5.556 илјади денари, без притоа да се превземат мерки и активности за воспоставување на: аналитичка сметководствена евидентција за секој склучен договор, постапки за следењето на динамиката на наплата на месечните сметки, следењето на динамиката на користење на погребалните услуги по домаќинство, идентификување на трансакцијата и спротивставување на приходите и расходите кои се однесуваат на иста трансакција, што е спротивно на одредбите од Законот за трговските друштва и Мегународниот сметководствен стандард МСС 18 точка 13 и точка 19. Непочитувањето на наведените одредби и МСС предизвикува несоодветно признавање на приходите и расходите, намалување на квалитетот на финансиските извештаи, односно информациите кои ги даваат истите се нерелевантни и неверодостојни.

**Препорака бр.2**

Да се воспостават сметководствени политики за признавање на приходите и расходите во моментот на нивното настанување и за периодот за кој се однесуваат, како и да се врши примена на начелото на фактурирана реализација со што евиденцијата во трговските книги ќе биде усогласена со Законот за трговски друштва и со одредбите од МСС.

**Коментар на субјектот**

Донесени се потребните сметководствени политики, се врши соодветно признавање на приходи/расходи по овој основ и воедно во секторот за наплата постои аналитичка евиденција по корисници од каде се добиваат податоци за следење на динамиката на наплата на месечните сметки за користење на погребалните услуги по домаќинство, но оваа аналитичка евиденција не е воспоставена и во сметководството.

**Тековен статус на препораката бр.2**

Делумно е спроведена препораката, односно донесени се сметководствени политики за признавање на приходите/расходите односно платени трошоци за нареден период и недостасана наплата на приходи, но без целосно допрецизирање/воспоставување на сметководствена аналитичка евиденција за истите по основ на солидарен фонд (користење на погребални услуги по домаќинство), по склучени договори и следење на наплатата по истите. Не е презентиран Заклучокот на Собранието на општина Штип број 08-328/2 од 13.05.1993 година, ниту друг акт за регулирање на начинот на плаќање на погребалните услуги.

### 5.3.6. Наод во конечниот извештај на ОДР од 2007 година, точка 11.2.5

При ревизијата на начинот на евиденцијата на залихите на суровини и материјали, резервни делови, ситен инвентар и автогуми се констатирани следните неправилности и тоа:

- на ревизијата не е даден на увид акт донесен од управниот одбор за прифаќање на Елаборатот за годишниот попис на јавното претпријатие за 2005 година, изготвен од страна на Централната пописна комисија број 0202-70/01 од 20.02.2006 година,
- јавното претпријатие нема изготвено сметководствени политики за начинот на сметководствена евиденција на ситниот инвентар при негово ставање во употреба, а на крајот на годината по извршениот попис на позицијата залиха на ситниот инвентар во употреба, е евидентиран износ од 4.880 илјади денари како расход на позицијата отпис на ситниот инвентар и на позицијата вредносно усогласување на залихите на ситниот инвентар, амбалажата и автогумите за негово 100% ставање во употреба при што се искажува поголем расход во 2005 година, кој целосно не се однесува за оваа година (во себе содржи и залихи на ситен инвентар, резервни делови и автогуми, набавени во претходни години). Со оваа евиденција е искажан поголем износ на позицијата вредносно усогласување на залихите на ситниот инвентар, амбалажата и автогумите, за износ од 2.113 илјади денари во однос на позицијата ситен инвентар во употреба. Оваа разлика е анулирана во месец јуни 2006 година, при што износот од 2.113 илјади денари е евидентиран на позициите загуба за финансиската година (намалување на загубата) и на позицијата вредносно усогласување на залихите на ситниот инвентар, амбалажата и автогумите со што се врши прилагодување на финансискиот резултат, односно на финансиските извештаи за годината во која се врши анулирање на разликата,
- при вршењето на пописот на ситниот инвентар, резервните делови и автогумите, во пописните листи се констатирани разлики помеѓу сметководствената и

фактичката состојба утврдена со попис односно сметководствената вредност е поголема за износ од 2.794 илјади денари, која разлика е евидентирана како расход на позицијата отпис на ситниот инвентар иако од забелешките содржани на пописните листи произлегува дека одредени количини на залихи на ситен инвентар, резервни делови и автогуми ги нема/недостасуваат/кусок односно не е извршена евиденција на констатираниот кусок и за истиот органот на управување не се изјаснил. Воедно пописната комисија за попис на алат, канцелриски мебел и ситен инвентар во својот извештај констатира износ од 2.794 илјади денари за отпис без да ги образложи причините зошто постојат разликите по книговодство и по попис. За отписот во износ од 2.794 илјади денари Централната пописна комисија се нема произнесено во Елаборатот, односно го нема споменато овој дел од реализираниот попис како констатирана состојба од страна на надлежната пописна комисија,

- не е обезбедена правилна примена на Уредбата за сметковниот план и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план бидејќи во рамките на вкупниот износ од 4.878 илјади денари на позицијата ситен инвентар во употреба искажува автогуми на залиха а на позицијата суровини и материјали на залиха се евидентираат резервни делови на залиха (за возилата и за водоводната мрежа), без нивна евиденција на соодветна позиција. Исто така не е извршена сметководствена евиденција за вредносното усогласување на залихите на резерви делови, односно во текот на годината се спроведува само вредносно усогласување на залихите на автогумите. Евиденцијата во бруто износ на споменатата позиција на залихата и неевидентирањето на исправката на вредност на истата го оневозможува искажувањето на нивната нето вредност во финансиските извештаи,
- на позицијата суровини и материјали на залиха за магацинот на репроматеријали се врши вредносно прилагодување на состојбата по книговодството и по пописот, а констатираната разлика во износ од 147 илјади денари се анулира со евиденција, зголемување за истиот износ на книговодствената вредност на позицијата суровини и материјали на залиха и евиденција на позицијата отстапување од цените на суровините и материјалите, без примена на пропишана пресметка по формула за утврдување на висината на отстапувањето од цените,
- на позицијата ситен инвентар во употреба и евидентираниот вишок по попис во износ од 58 илјади денари, евиденција на отписот од 2.794 илјади денари, за износот на добиената разлика од 54 илјади денари се врши искажување на расход за отстапување на плански цени и намалување на позицијата ситен инвентар во употреба за истиот износ, со што повторно се врши вредносно прилагодовање на констатираните состојби по книговодството и по попис без случување на фактички сметководствен настан како основ за евиденција.

Недонесувањето на потребните акти од страна на надлежните органи, непропишаните сметководствени политики, искажување на погрешни позиции на одредени елементи во финансиските извештаи, не искажување на констатираната состојба од страна на пописната комисија, примена на постапката на прилагодување на состојбите по попис и книговодство, се предизвикува презентирање на несоодветни информации и нереални и необјективни финансиски извештаи.

**Препорака бр.4**

Да се превземат соодветни активности и мерки за надминување на утврдените неправилности при евиденцијата на позициите на залихите на суровини и материјали, резервни делови, ситен инвентар и автогуми, односно да се обезбеди:

- донесување на акт од страна на управниот одбор за прифаќање на Елаборатот за годишниот попис,
- донесување на сметководствени политики, за начинот на вреднувањето на залихите и нивниот потрошок, како и да се изготват сметководствени политики за

начинот на сметководствена евиденција на ситниот инвентар при негово ставање во употреба

- практика, односно постапка да доколку при вршењето на пописот пописната комисија констатира состојба различна од состојбата по книговодството за истото биде известен Органот на управување кој со соодветен акт ќе одлучи за начинот на постапување при вакви состојби

**Коментар на субјектот**

Донесени се одлуки од управниот одбор за усвојување на Елаборатот на централната пописна комисија за 2005 година со закаснување (број 0202-848/2 од 25.04.2007) и навремено за 2006 и 2007 година.

**Тековен статус на препораката бр.4**

Делумно е постапено по препораката, односно во Елаборатот за годишен попис за 2006 година не се содржани сите податоци од поединечните Извештаи од попис на одделните комисии за попис, односно нема податоци за вкупните износи на фактичка и сметководствена состојба и не се искажани разликите по попис, што би претставувало доказ за навремен, квалитетен и целосно завршен попис и основ по кој Органот на управување ќе биде известен и по кој со соодветен акт ќе одлучи за начинот на постапување при вакви состојби. Исто така во Елаборатот за годишен попис за 2007 година нема податоци за вкупните износи на фактичка и сметководствена состојба како основ за презентираните разлики по попис и не се целосно презентирани сите податоци од поединечните Извештаи од попис на одделните комисии за попис.
Донесена е сметководствена политика за начинот на вреднување на залихите на ситниот инвентар.
Не се презентирани налози за книжење за извршена евиденција/исправка за сите утврдени неправилности/прилагодувања на финансиските извештаи од 2005 година.

### 5.3.7. Наод во конечниот извештај на ОДР од 2007 година, точка 11.2.6

Јавното претпријатие воспоставило пракса на фактурирање на извршените услуги по барање на правни и физички лица без притоа фактурата да биде пропратена со соодветен работен налог кој ке преставува веродостоен и уреден документ врз основа на кој ке се изготвуваат наведените фактури, што е спротивно на одредбите од Законот за трговските друштва. Не изготвувањето на наведените работни налози во кои ќе се прецизира видот и количеството на употребените материјали, односно резервни делови, времетраењето на работата, и бројот на извршителите предизвикува неможност за следење на наменското користење на средствата за оваа намена.

**Препорака бр.5**

Да се пропишат сметководствени политики и да се превземат мерки со кои ќе се воспостават процедури за изготвување на веродостојни сметководствени документи - работни налози кои ќе преставуваат основ за евиденцијата и со кои ќе се овозможи следењето на наменското и законското користење на средствата.

**Коментар на субјектот**

Надлежните органи за раководење и управување со претпријатието ги превземаа потребните активности за донесување на потребните сметководствени политики и се врши нивно доследно почитување, односно се изработуваат потребните работни налози.

**Тековен статус на препораката бр.5**

Делумно е спроведена препораката,односно се изработуваат и се приложуваат работни налози кон излезните фактури, освен дел од излезни фактури (приклучок од исклучување, отпушување на фекална канализација, демонтирање водоводна линија и друго) кои немаат прилог работни налози за извршени работи/услуги од страна на претпријатието.

### 5.3.8. Наод во конечниот извештај на ОДР од 2007 година, точка 11.2.7

Не се превземени активности за пропишување, донесување и имплементирање на политики за начинот на постапување и искажување на застарените, тужените, односно сомнителните и спорни побарувања од купувачите во земјата во трговските книги, што е спротивно на Законот за облигационите односи и МСС 18 Приходи и на Рамката за подготвување и презентирање на финансиските извештаи, според која средство се признава во билансот на состојба кога е веројатно дека идни економски користи ќе претставуваат прилив за претпријатието и кога средството има трошок или вредност која може веројатно да се измери. Непревземањето на потребните активности и непропишувањето на наведените политики предизвикува нереално и необјективно прикажување на финансиските извештаи односно потценување на сметките: вредносно усогласување на краткорочните побарувања, вредносно усогласување на побарувањата од купувачите и загуба за финансиската година за износ од 97.522 илјади денари.

**Препорака бр.6**

Да се превземат активности за целосна и правилна евиденција на застарените/утужените побарувања и за оние за кои ќе оцени дека се ненаплативи да се предложи на надлежниот орган да донесе соодветен акт за отпишување на истите во согласност со Законот за облигациони односи.

**Коментар на субјектот**

Се применува посебна софтверска апликација за следење на побарувањата (домаќинства/правни лица) врз основа на која се определува старосната структура на побарувањата, но истата не е заокружен систем во состав на сметководствената евиденција/трговските книги.

**Тековен статус на препораката бр.6**

Делумно е постапено по наведената препорака поради тоа што на ден 31.12.2006 година е извршена евиденција на износ од 49.313 илјади денари на сметката вредносно усогласување на побарувањата од купувачите и на сметката вредносно усогласување на краткорочни побарувања без презентирање акти за основот на евиденцијата (старосна структура на отпишаните побарувања, аналитика по купувач, предлог од централната пописна комисија во Елаборатот за попис од 2006 година и акт од управниот одбор).

### 5.3.9. Наод во конечниот извештај на ОДР од 2007 година, точка 11.2.8

Менаџментот и надлежните органи не превземале активности за пропишување, донесување и имплементирање на соодветни политики за признавање и мерење на приходите според нивната објективна вредност, периодот за кој се однесуваат и доследно почитување на принципот на пресметковна основа. За извршените услуги во корист на општината Штип во износ од 11.726 илјади денари и тоа услуги по месечни ситуации од РЕ Паркови и зеленило во износ од 4.309 илјади денари и од РЕ Комунална хигиена во износ од 7.417 илјади, не е извршено евидентирање на издадените месечни ситуации и не е

пресметан данок на додадена вредност за извршените услуги во износ од 2.111 илјади денари, искажувајќи приход по овој основ само за примените парични средства во износ од 1.299 илјади денари, што е спротивно на точка 22 од Рамката за подготвување и презентирање на финансиските извештаи, МСС-18 Приходи, Законот за трговските друштва и Законот за данокот на додадена вредност. Не пропишувањето на наведените политики и непочитувањето на наведените акти предизвикува нереално и необјективно прикажување на позициите во финансиските извештаи односно потценување на: побарувањата за износ од 13.837 илјади денари, приходите за наведените услуги за 10.427 илјади денари, обврските за данок на додадена вредност за 2.111 илјади денари и преценување на загубата за тековната година во износ од 10.427 илјади денари.

**Препорака бр.2**

Да се воспостават сметководствени политики за признавање на приходите и расходите во моментот на нивното настанување и за периодот за кој се однесуваат, како и да се врши примена на начелото на фактурирана реализација со што евиденцијата во трговските книги ќе биде усогласена со Законот за трговски друштва и со одредбите од МСС.

**Коментар на субјектот**

Вршиме доставување на месечни ситуации за извршените услуги од страна на работните единици „Комунална хигиена“ и „Паркови и зеленило“ само во висина на одобрените средства со Буџетот на општината Штип.

**Тековен статус на препораката бр.2**

Делумно е постапена по препорактa, односно приходите за извршени услуги на Општина Штип во 2006 година се врши врз основа на сметководственото начело на парично искажување, за да во текот на 2007 година се пристапи кон признавање на приходите според сметководственото начело на пресметковна основа, но само во рамките на одобрените средства со Буџетот на општината Штип.
Ситуациите за извршените работи и нивните корекции од страна на лицето за надзор од општина Штип не се пропратени со веродостојни сметководствени документи.
Донесувањето на Програмата за работа на јавното претпријатие од страна на советот не е во ист временски период кога се донесува и Буџетот на општина Штип се јавуваат големи остапувања помеѓу планираните средства во програмата и одобрените средства во Буџетот на општината (разлика за 2007 година 4.326 илјади денари и за 2008 година 3.918 илјади денари), заклучокот за донесување на програмата за работа на јавното претпријатие ја содржи одредбата „да се финансира согласно предвидените средства во Буџетот на општината Штип за .... година“, кое влијае ограничувачки во поглед на имплементација на дадената препорака на овластениот државен ревизор.

## 5.4. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојба

### 5.4.1. Наод во конечниот извештај на ОДР од 2007 година, точка 11.3.1.

Јавното претпријатие во трговските книги во делот на сметката државен јавен капитал искажува износ од 131.915 илјади денари за кои на ревизијата не и презентираше веродостојни и уредни сметководствени докунменти што е спротивно на член 472 од Законот за трговски друштва. Отсуството на веродостојни и уредни сметководствени документи и непревземањето на активности за обезбедување на потребните документи/акти влијае на реалното и објективното прикажување на наведените извори во финансиските извештаи и на обезбедување на разумно уверување од страна на ревизијата дека наведените извори се ослободени од материјални погрешни прикажувања.

**Препорака бр.1**

Јавното претпријатие да пропише соодветни политики и да превземе активности за испитување на основаноста на постоењето и искажувањето на износот на позицијата државен јавен капитал, врз основа на веродостојни и уредни сметководствени документи.

**Коментар на субјектот**

Пропишани се сметководствени политики, но не се обезбедени акти за утврдување на основот на искажаниот износ на сметката државен јавен капитал и не е постапено согласно пропишаната политика.

**Тековен статус на препораката бр.1**

Делумно е спроведена препораката, односно пропишани се сметководствени политики, но не се презентирани акти за основот на евидентираниот износ во трговските книги на сметката државен јавен капитал и не е усоглсен истиот со износот наведен во судската регистрација на јавното претпријатие.

**5.4.2. Наод во конечниот извештај на ОДР од 2007 година, точка 11.3.2.**

На позицијата матријални средства во Билансот на состојба не е евидентирано земјиште за катастарска општина Штип, при што пописната комисија не превземала активности за вршење на попис на земјиштето и негово вредносно усогласување со пазарната вредност според критериумите врз основа на кои надлежниот орган ја одредува висината на цената на земјиштето (Методологија за утврдување на пазарната вредност на недвижностите), што е спротивно на одредбите од Законот за трговските друштва и Правилникот за начинот и роковите за вршење попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба. Непревземањето на соодветни активности и мерки за вршење целосен попис предизвикува неможност од усогласување и потврдување на книговодствената со фактичката состојба на материјалните средства, можност за нереално прикажување на истите и оневозможување за утврдените разлики да се произнесе надлежниот орган.

**Препорака бр.2**

Да се превземат активности и мерки за пропишување на соодветни политики кои ќе овозможат извршување на целосен и правилен попис, усогласување на сметководствената со фактичката состојба на земјиштето согласно законските и подзаконските акти.

**Коментар на субјектот**

Ангажирано е физичко лице/вештак (без акт/договор за ангажирање) и истото изврши увид во Катастарската општина Штип, по што заврши активностите за обезбедување на имотни/поседовни листови за земјиште кое го користи јавното претпријатие.

**Тековен статус на препораката бр.2**

Не е постапено по дадената препорака, односно јавното претпријатие не пропишало сметководствени политики за начинот на вршење попис, евиденција и следење на вредноста на земјиштето и на истото не е извршен попис во 2006 и 2007 година.

### 5.4.3. Наод во конечниот извештај на ОДР од 2007 година, точка 11.3.3.

Во текот на ревизијата беа испратени конфирмации заради усогласување на побарувањата и обврските искажани во билансните позиции. Од вкупно испратените 68 конфирмации до исто толку комитенти добиени се 27 одговори, што претставува 39,70% од вкупно испратените, од кои 17 се потврдени односно 62,96% од пристигнатите а 10 не се потврдени односно 37,03%, додека 41 воопшто не одговорија што претставува 60,29% од испратените конфирмации. Од претходното може да се констатира мал одзив на Вашите комитенти кое оневозможува целосно да ја завршиме постапката на верификација на побарувањата и обврските по овие основи.

**Препорака бр.3**

Да се превземат активности за конфирмирање на побарувањата и обврските кое ќе преставува основа за усогласување на побарувањата и обврските и нивното реално и објективно прикажување во финансиките извештаи.

**Коментар на субјектот**

Превземени се активности за конфирмирање на побарувањата и обврските (изработувани се записници), но во поголемиот број случаи се врши усно усогласување по телефон.

**Тековен статус на препораката бр.3**

Делумно е превземена препораката, односно презентирани се записници од усогласување на јавното претпријатие со комитентите од претходни години, но презентираните записници се во многу помал број во однос на искажаните отворени ставки на побарувања и обврски.

## 5.5. Ненаменско и незаконско користење на средства

### 5.5.1. Наод во конечниот извештај на ОДР од 2007 година, точка 11.4.1.

Извршени се набавки на материјали, резервни делови, ситен инвентар, услуги итн. во вкупен износ од 22.884 илјада денари од кои за износот од 10.852 илјади денари не е спроведена постапка за јавна набавка а за набавките во износ од 12.032 илјади денари при спроведување на постапката не е обезбедено доследно почитување на одредбите од Законот за јавните набавки. Непочитувањето на Законот за јавни набавки и не спроведувањето на соодветните постапки предизвикува ненаменско и незаконско користење на средствата, необезбедување на фер конкуренција, еднаква положба на понудувачите, транспарентност и јавност при набавките. (Прилог број 1 и 2).

**Препорака бр.1**

Јавното претпријатие да обезбеди целосно почитување на одредбите од Законот за јавни набавки со кои ќе овозможи фер конкуренција, еднаква положба на понудувачите и економичност на набавките.

**Коментар на субјектот**

По добивањето на извештајот од Државниот завод за ревизија јавното претпријатие ги увидело своите слабости и пристапило кон доследно почитување на законските обврски.

**Тековен статус на препораката бр.1**

Делумно е спроведена препораката, односно не е обезбедено целосно почитување на одредбите од Законот на јавни набавки, поради тоа што во постапките предмет на оваа ревизија констатирани се одредени неусогласености со Законот за јавни набавки и тоа: не се исклучуваат понуди кои не ги исполнуваат техничките/економските услови пропишани во тендерската документација; евалуациите на понудите не се во согласност со наведените бодирања во тендерската документација (бодирање на гаранции, квалитет); членовите на комисијата не потпишуваат изјави за конфликт за интереси; одлуките за потреба од јавна набавка не содржат податоци за износот на средствата обезбедени за реализација на набавката; склучените договори по спроведен отворен повик не содржат опис/спецификација на предметот и вредноста на набавката.

**5.5.2. Наод во конечниот извештај на ОДР од 2007 година, точка 11.4.2.**

Врз основа на договор број 0306-79/2 од 13.06. 2003 година склучен помеѓу Министерството за транспорт и врски и Јавното претпријатие обезбедено е времено користење (краткорочен закуп) на градежно земјиште сопственост на Република Македонија со површина од 2.560 метри квадратни со времетраење од две години. И покрај тоа што претпријатието согласно член 4 од наведениот договор е обврзано на доделениот простор да не поставува или гради други објекти, истото врши вложувања во градежни објекти во износ од 1.617 илјади денари за кои непостојат одобрувања/дозволи од надлежните органи. Со писмо број 10-653/1 од 27.02.2006 година, општина Штип го известува претпријатрието дека важноста на горе споменатиот договор за краткотраен закуп на градежно земјиште е измината, локацијата е доделена на нов закупец, во тек е реализација на урбанистичкиот план за овој дел од градот, за што се бара локацијата да се исчисти од сите помошни објекти што ги поставило претпријатието. Непочитувањето на одредбите од наведениот договор предизвикува незаконско користење на средствата и нанесеување на материјална штета на претпријатиет.

**Препорака бр.2**

Да се пропишат соодветни политики кои ке обезбедат доследно почитување на утврдените одредби од склучените договори и ке оневозможат незаконско користење на средствата на претпријатието.

**Коментар на субјектот**

Непочитувањето на одредбите од договорот предизвика материјална штета на претпријатието поради тоа што на наведеното Плато е изграден објект на друг правен субјект. Свесни сме дека во иднина треба да оневозможиме појава на вакви состојби.

**Тековен статус на препораката бр.2**

Не е постапено по дадената препорака, односно не се пропишани политики за почитување на утврдени одредби од склучени договори, а врз основа на предлогот од Комисијата за попис на основни средства во дел од Елаборатот за годишниот попис за 2007 година, извршено е бришење од трговските книги на набавната вредност на нематеријалното средство (објект Плато пазар) во износ од 1.617 илјади денари со сегашна вредност од 539 илјади денари и акумулирана амортизација во износ од 1.078 илјади денари..

**5.5.3. Наод во конечниот извештај на ОДР од 2007 година, точка 11.4.3.**

Управниот одбор на Јавното претпријатие на ден 17.09.2001 година донесува Одлука заведена под број 0202-242/4 со кое утврдува дека “Убраните парични средства со кои се

спонзорираше само ФК Брегалница бр.0204-362/3 од 14.06.1997 година се пренаменуваат за спонзорирање на сите спортови по претходно добиено писмено одобрение од Одборот за спорт“ односно со наведената одлука се врши измена на одлуката бр.0204-362/3 од 14.06.1997 година со која се врши зголемување на манипулативните трошоци при фактурирањето за извршените услуги од страна на јавното претпријатие. На ревизијата не и е презентиран соодветен акт “Согласност од основачот“ за воведување на ваквата дополнителна давачка/манипулативен трошок од страна на Јавното претпријатие на терет на корисниците на услугите/правните и физичките лица што е спротивно на одредбите од Законот за јавните претпријатија, Законот за комуналните дејности, Законот за отпад односно Законот за управување со отпадот и одредбите од Статутот. Со примената на наведената Одлука во текот на 2005 година извршено е фактурирање во износ од 3.547 илјади денари а од обезбедените средства направени се расходи на име превоз, храна и други надоместоци за спортски активности средства во износ од 769 илјади денари. Непочитувањето на наведените законски акти и одредбите од Статутот предизвикува пречекорување на овластувањата на надлежните органи во јавното претпријатие, воведување на давачка/дополнителна обврска на корисниците на услугите спротивно на законските одредби и ненаменско и незаконско користење на средства во износ 769 илјади денари.

**Препорака бр.3**

Директорот на Јавното претпријатие да превземе мерки и активности за укажување на членовите на управниот Одбор за незаконитоста на донесената одлука, предложи акт за укинување на наведената одлука до надлежните органи и за истото го извести градоначалникот на општината.

**Коментар на субјектот**

Донесена е одлука од Управниот одбор за укинување на сите претходно донесени одлуки од управниот одбор за спонзорирање на ФК „Брегалница“ Штип.
Манипулативните трошоци и понатаму се искажуваат во излезните фактури.

**Тековен статус на препораката бр.3**

Делумно е постапено по дадената препорака, односно презентирана е одлука донесена од управниот одбор на ден 31.01.2008 година број 0202-92/1, за укинување на сите претходно донесени одлуки за издвојување на средства наменети за спонзорирање/финансирање на ФК „Брегалница“ Штип и за укинување на наплатувањето на средствата за спортски денар. Но иако е донесена погоре наведената одлука од Управниот одбор, Советот на општина Штип до јавното претпријатие доставува одлуки за доделување финансиски средства од „спортски денар“ на спортски клубови во Штип во кои се наведуваат клубовите, износите и намената на доделени средства (презентирани се одлуки донесени од Советот на општина Штип во месец април и мај 2008 година).
И понатаму се искажува, евидентира и наплатува манипулативен трошок по излезни фактури (за смет, за ѓубретарина и за извршени услуги од страна на јавното претпријатие) по кој основ, за периодот од 2006 година до денот на ревизијата се искажани приходи во вкупен износ од 7.924 илјади денари.

**5.5.4 Наод во конечниот извештај на ОДР од 2007 година, точка 11.4.4.**

Јавното претпријатие во текот на 2005 година ангажира физички лица по Договор на дело чиј број од месец во месец е променлив односно се движи од 17-51 лице, за што се пресметани и исплатени 2.684 илјади денари во нето износ односно во бруто 3.158 илјади денари. Ангажирањето на физичките лица е извршено без да постои: акт со кој ќе се

констатира потребата од дополнителна работна сила, пропишани критериуми за избор, начин и динамика на вработување на физичките лица, што е спротивно на одредбите на Законот за облигационите односи и Законот за работните односи. Непочитувањето на наведените законски акти и отсуството на: соодветни акти за утврдување на потребниот број на извршители и пишани процедури предизвикува можност од злоупотреба на средствата наменети за ангажирањето на наведените лица, ненаменско користење на средствата, неостварување на правата од работниот однос (социјално и пензиско осигурување) и неовозможување еднаквост и транспарентност во ангажирањето на сите заинтересирани невработени лица.

**Препорака бр.4**

Јавното претпријатие да превземе активности за пропишување на соодветни политики кои ќе овозможат доследно почитување на законските и подзаконските акти од областа на работните односи, утврдување на потребата од дополнителна работна сила, пополнување на слободните работни места и нивно ангажирање согласно Законот за агенциите за привремени вработувања.

**Коментар на субјектот**

Започнувајки од 2007 година потребата од ангажирањето на лица за вршење на привремени работи се реализира согласно Законот за агенциите за привремени вработувања, односно преку Агенција за привремени вработувања.

**Тековен статус на препораката бр.4**

Делумно е постапено по препораката, поради тоа што освен ангажирањето на работници за привремени работи преку Агенцијата за привремено вработување јавното претпријатие не пропишало политики за потребата од нивно ангажирање, односно не донело акти за потребата од дополнителна работна сила, критериуми за избор, начин и динамика на вработување на физичките лица.

**5.5.5. Наод во конечниот извештај на ОДР од 2007 година, точка 11.4.5.**

Јавното претпријатие воспоставило пракса на исплата на надоместоците за регрес за годишен одмор и дел од надоместокот за храна во износ од 2.505 илјади денари (регрес за годишен одмор во износ од 2.024 илјади денари и надомест за храна во износ од 481 илјада денари) да ги исплатува во вредносни потврди бонови, што е спротивно на одредбите од Законот за исплата на плати во Република Макдонија и Законот за платен промет. Непочитувањето на наведените акти и воспоставената пракса на исплата предизвикуваат неможност: вработените слободно да располагаат со средствата, слобода на пазарот, еднаква положба на сите правни субјекти и фер конкуренција.

**Препорака бр.5**

Да се превземат активности за пропишување на соодветни политики кои ќе оневозможат узурпирање на надлежностите на надлежните органи и пречекорување на овластувањата на директорот на претпријатието, ќе оневозможат понатамошно исполнување на обврските за плаќање на надоместоците во натура и ќе обезбедат доследно почитување на законските и подзаконските акти (оваа препорака се однесува и за точка 11.4.6.).

**Коментар на субјектот**

Во текот на 2006 година вршени се исплати на дел од надоместоците за храна и годишен одмор во натура (прехрамбени производи и пијалоци), но започнувајки од 2007 година

напуштена е праксата на исплата на дел од регресот за годишен одмор и хранарината на вработените во вредносни потврди бонови.

**Тековен статус на препораката бр.5**

Делумно е спроведена препораката во делот на исплатата на надоместоците на вработените во готово (регресот за годишен одмор и хранарина), односно за 2007 година напуштена е праксата за исплата на наведените надоместоци во натура.

**5.5.6. Наод во конечниот извештај на ОДР од 2007 година, точка 11.4.6.**

Извршена е исплата на име регрес за годишен одмор на вработените во износ од 2.024 илјади денари без да се донесе акт од надлежните органи, што е спротивно на одредбите од Законот за исплата на плати во Република Македонија и Статутот на претпријатието. Непочитувањето на наведените одредби предизвикува исплата на надоместоци без да биде донесен соодветен акт од надлежен орган односно незаконско користење на средствата.

**Препорака бр.5**

Да се превземат активности за пропишување на соодветни политики кои ќе оневозможат узурпирање на надлежностите на надлежните органи и пречекорување на овластувањата на директорот на претпријатието, ќе оневозможат понатамошно исполнување на обврските за плаќање на надоместоците во натура и ќе обезбедат доследно почитување на законските и подзаконските акти.

**Коментар на субјектот**

Обезбедивме доследна примена на дадената препорака поради што управниот одбор донесе одлука за исплата на регрес за годишен одмор за 2007 година.

**Тековен статус на препораката бр.5**

Делумно е спроведена препораката, односно во 2006 година продолжува воспоставената пракса, а на ден 26.07.2007 година, донесена е одлука од управниот одбор за исплата на регрес за годишен одмор, без да се утврди износот/висината на наведениот надоместок.

**5.5.7. Наод во конечниот извештај на ОДР од 2007 година, точка 11.4.7.**

Презентирана е Одлука за користење на сопствено возило за потребите на јавното претпријатие заведена под број 0202-277/7 од 21-11-2005 година, донесена од претседателот на управниот одбор со која се пропишува дека надоместокот за користење на сопствено возило за потребите на претпријатието да изнесува 25% од цената на горивото за возилото што се користи од изминат километар. Во трговските книги за месец ноември и декември се искажани трошоци за оваа намена во износ од 239 илјади денари односно за вршителот на должноста 57 илјади денари. Ревизијата не се увери од оправданоста и законитоста на донесувањето на наведената одлука односно правото претседателот на управниот одбор да ја донесе истата и нејзината примена, кое за ефект има влијание на законското и наменското користење на средствата.

**Препорака бр.6**

Менаџментот и управниот одбор на претпријатието да пристапат кон оценување на донесената одлука од страна на претседателот на управниот одбор за користење на службено возило и утврдување на неговата одговорност.

**Коментар на субјектот**

Управниот одбор на ден 22.09.2006 година донесе одлука за користење исклучиво на службени возила за службени цели и забрана за користење надомест за сопствено возило.

**Тековен статус на препораката бр.6**

Постапено е по дадената препорака, односно по горенаведената одлука е постапено во 2007 година, односно на сметката трошоци за користење на приватно возило во 2006 година е евидентиран вкупен износ од 648 илјади денари, а во 2007 година износ од 3 илјади денари.

## 6. Ефекти

Ревизијата на спроведување на препораките утврди дека се постигнати одредни подобрувања како резултат на примената на утврдените активности за спроведување на препораките за извршена ревизија на финасиските извештаи за 2005 година кај Јавно претпријатие за комунално-производни и услужни работи „Исар“-Штип, со преземање на соодветни мерки во рамките на јавното претпријатие предмет на ревизија.

## 7. Заклучоци

Државниот завод за ревизија утврди дека е направен одреден напредок во имплементацијата на препораките дадени во Конечниот извештај на ОДР од 2007 година.
Превземени се активности за напуштање на праксата да се плаќа во натура/одработување на лицата ангажирани во јавното претпријатие; земање стоки од правни лица – должници на претпријатието од страна на вработените; исполнување на обврските за плаќање на надоместоците во натура; и исплата на трошоци за користење на сопствено возило за службени потреби. Изработен/усвоен е Правилник за начинот и постапката на вршење набавки од мала вредност; и се донесени сметководствени политики за издвојување на средства на име задолжителна законска резерва во процент согласно законските прописи.
Отпочнати се активности за изработка на Правилник за организација и систематизација на работните места.
Создадени се услови за делумно реализирање на препораките во однос на обврските на јавното претпријатие кон Министерството за финансии на Република Македонија, односно до денот на ревизијата јавното претпријатие ги намалило своите обврски по кредитот МЕАП за 11.872 илјади денари (8 месечни рати), без да се потпише договор за регулирање на остатокот на обврските на јавното претпријатие; делумно почитување на одредбите од Законот за јавни претпријатија во делот на работењето на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансико работење на јавното претпријатие; не се пропишани сметководствени политики за евиденција на приходи/расходи за трети лица, за аналитичка евиденција на погребални услуги/создавање на солидарен фонд, попис/вреднување на земјиштето, правилна евиденција на застарени/утужени побарувања, услуги во корист на општина Штип; не целосно пропишана/воспоставена аналитичка сметководствена евиденција по основ на солидарен фонд (користење на погребални услуги по домаќинство/физичко лице); елаборатите за годишен попис не ги содржат сите податоци од поединечните Извештаи од попис на одделните комисии за попис; целосно не се почитуваат донесените сметководствени политики за изработка на работни налози; за евиденцијата на отписот на побарувањата не се презентирани акти за основот на извршениот отпис; не се донесени сметководствени политики за признавање на приходите и расходите во моментот на нивното настанување и за периодот за кој се однесуваат за услугите што ги извршува јавното претпријатие за општина Штип; не се врши документирање/изготвување записници од усогласување на најголемиот дел на отворени ставки на побарувања и обврски; не се врши целосно почитување на одредбите од

Законот за јавни набавки; донесена е одлука за укинување на сите одлуки за издвојување на средства спонзорирање/финансирање на фудбалски клубови и наплата на средства за спортски денар, но Советот на општина Штип наложува на јавното претпријатие исплата на средства на фудбалски клубови; и продолжува воспоставената пракса на искажување, наплата и евиденција на манипулативни трошоци во сите излезни фактури; донесена е одлука за исплата на регрес за годишен одмор, но истата не содржи поединечни и вкупни износи на средства за исплата.
Не се превземани активности за усогласување на дејностите на претпријатието со Законот за јавни претпријатија; не е потпишан Анекс договор помеѓу јавното претпријатие, општината Штип и Министерството за финансии заради регулирање на начинот на плаќање на заостанатите обврски на претпријатието кон Министерството за финансии по кредитот од Европска банка за обнова и развој за проектот МЕАП; не се почитуваат одредбите од Проект договорот склучен во 2000 година помеѓу јавното претпријатие, основачот/општина Штип и Европска банка за обнова и развој; не е презентиран акт за усогласување на одлуката од 1997 година со Законот за јавни претпријатија и акт дека јавното претпријатие „Исар“ Штип е правен следбеник на јавното претпријатие „Фортуна“ Штип; не е презентиран акт за извршено усогласување на Правилникот за организација и систематизација на работните места со Статутот и Законот за јавните претпријатија во делот на условите кои треба да ги исполнува директорот на претпријатието; не се донесени сметководствени политики за сите сметководствени настани (за евиденција на приходи/расходи при финансирање на спортски друштва, воспоставување аналитичка евиденција на погребални услуги/создавање на солидарен фонд, вршење попис/вреднување на земјиштето, правилна евиденција на застарени/утужени побарувања и за искажување на услугите во корист на општина Штип).

**Препораки**

Надлежните органи во јавното претпријатие и основачот да превземат мерки и активности за доследна имплементација на неспроведените, односно нецелосно спореведените препораки, а кои се однесуваат на следното:
- потпишување на Анекс договор помеѓу јавното претпријатие, општината Штип и Министерството за финансии на Република Македонија, заради регулирање на начинот на плаќање на заостанати обврски по кредитот од Европска банка за обнова и развој за проектот МЕАП; и потпишување договори со правни лица за дадените услуги од страна на јавното претпријатие;
- усогласување на дејностите кои ги извршува јавното претпријатие и на одлуките од Советот на општината Штип од 1997 година со Законот за јавни претпријатија; Правилникот за организација и систематизација на работните места со Статутот и Законот за јавните претпријатија во делот на условите кои треба да ги исполнува директорот на претпријатието;
- донесување акт дека јавното претпријатие за комунално - производни услужни работи „Исар“-Штип е правен следбеник на јавното претпријатие „Фортуна“ Штип; и акти за основот на евиденцијата на износот искажан во трговските книги на сметката државен јавен капитал;
- пропишување сметководствени политики за процесот на признавање и мерење на приходи и расходи кои се однесуваат на трети лица; политики за попис, евиденција и следење на вредноста на земјиштето и
- обезбеди почитување на одредбите од Проект договорот склучен во 2000 година помеѓу јавното претпријатие, основачот/Општина Штип и Европска банка за обнова и развој.

**Овластен државен ревизор**

**Скопје, 04.08.2008 година**

**Прилог I**

## Статус

## на спроведување на препораките дадени во конечните ревизорски извештаи на овластениот државен ревизор

**Ревизорски извештај бр.** **1303-54/2 од 25.01.2007 година**

**Субјект:** **Јавно претпријатие за комунално-производни и услужни работи „Исар“-Штип**

| Бр./врска на наодот/ препораката во конеч. изв. на ОДР | Ревизорска област Препорака | Статус на препораката | Коментар на ревизорот |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| | **Неправилна примена на акти** | | |
| 11.1.1. | Менаџментот и основачот на претпријатието да превземат мерки и активности во иднина претпријатието да извршува само дејности што се од јавен интерес односно го усогласат работењето на претпријатието согласно Законот за јавните претпријатија и Законот за комуналните дејности и други законски акти кои ги дефинираат дејностите од јавен интерес | Не е спроведена препораката | Не е извршено усогласување на дејностите кои ги извршува јавното претпријатие со законските прописи |
| 11.1.2. | Претпријатието во соработка со основачот да превземат активности за регулирање на неплатените обврски согласно склучениот договор за заем со Министерството за финансии. | Делумно е постапено по препораката | Превземени се активности за регулирање на неплатените обврски, односно потребно е да се потпише договор за регулирање на неплатените обврски кон Министерството за финансии. |
| 11.1.2. | Министерството за финансии да пристапи кон регулирање на неплатените обврски од страна на Јавното претпријатие, го извести основачот и доколку не се изнајде решение да пристапи кон реализација на соодветните гаранции. | Делумно е постапено по препораката | Изработен е Амандман број 1 на поддоговорот за кредит, но истиот не е потпишан. |
| 11.1.3. | Да се превземат сите неопходни активности во насока на почитување на одредбите од склучениот проект договор а пред се кон континуирано издвојување на потребните средства за | Не е спроведена препораката | Не се почитуваат одредбите од Проект договорот склучен помеѓу Јавнотот претпријатие, основачот/ Општина Штип и Европска банка за обнова и развој, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | редовно сервисирање на обврските кон ЕБРД. | | склучен во 2000 година |
| 11.1.4. | Основачот на Јавните претпријатија да изврши усогласување на претходно донесените одлуки со Законот за јавни претпријатија и донесе соодветен акт со кој ќе констатира дека ЈП Исар – Штип е правен следбеник на ЈП Фортуна Штип со што покрај превземањето на вложувањата и средствата на претпријатието ќе изврши превземање и на создадените обврски | Не е спроведена препораката | Не се презентирани конкретки акти за постапување по препораката |
| 11.1.5. | Да се превземат активности за пропишување на потребниот број на извршители и соодветниот број бодови за секое работно место во Правилникот за организација и систематизација на работните места | Во тек е спроведување на препораката | Презентирана е работна верзија на Правилникот за организација и систематизација на работните места и дадени се сугестии за негово усогласување со Законот за јавни претпријатија |
| 11.1.6. | Надлежните органи да пристапат кон усогласување на одредбите на Статутот и Правилникот за организација и систематизација на работните места во согласност со Законот за јавните претпријатија во делот на условите кои треба да ги исполнува директорот на претпријатието. | Не е спроведена препораката | Не се презентирани соодветни акти за потребното усогласување на актите |
| 11.1.7. и 11.1.8. | Да се изврши доследно почитување на одредбите од Законот за облигационите односи како и на Законот за снабдување со вода за пиење и одводнување на урбани отпадни води а пред се во делот на склучување на договори со корисниците на услугите и регулирање на начинот на плаќање, односно напуштање на воспоставената пракса за плаќање во натура/одработување. | Делумно е спроведена препораката | Во тек е потпишување на договори со домаќинства/физички лица, но не е започната постапката за склучување на договори со правни лица/претпријатија.<br>Напуштена е праксата за плаќање во натура / одработување |
| 11.1.9. и 11.1.10. | Јавното претпријатие да пристапи кон пропишување на соодветни постапки и процедури кои ќе овозможат изработка на потребните акти и обезбедување на фер конкуренција и еднаква положба на понудувачите | Спроведена е препораката | Не се земаат стоки од правни лица-должници на претпријатието од страна на вработените. Донесен е Правилник за начинот на вршење на набавки од мала вредност. |
| 11.1.11. | Основачот на претпријатието да ги превземе потребните | Делумно е спроведена | Надзорниот одбор за контрола на материјално- |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | активности и обезбеди нормално функционирање на одборот за контрола на материјално-финансиско работење | препораката | финансиското работење изготвил извештаи по годишна сметка за 2006 и 2007 година, но не се презентирани записници од одржани седници на истиот |
| | **Неправилна примена на сметководствени политики и начела** | | |
| 11.2.1. | Да се превземат активности за пропишување и имплементирање на сметководствени политики, како и да се обезбеди континуирана едукација на вработените во одделението за сметководство од областа на МСС и МСФИ, кое ќе преставува основа за изработување на финансиските извештаи согласно барањата утврдени во цитираните стандарди. | Делумо е спроведена препораката | Донесени/усвоени сметководствени политики, но истите не содржат/пропишуваат сметководствени политики за сите сметководствени настани |
| 11.2.2. , 11.2.4. и 11.2.8 | Да се воспостават сметководствени политики за признавање на приходите и расходите во моментот на нивното настанување и за периодот за кој се однесуваат, како и да се врши примена на начелото на фактурирана реализација со што евиденцијата во трговските книги ќе биде усогласена со Законот за трговски друштва и со одредбите од МСС. | Делумно е спроведена препораката | Пропишани се сметководствени политики за признавање на приходите/расходите за солидарен фонд, но не се донесени сметководствени политики за процесот на признавање и мерење на приходите и расходите во финансиските извештаи кои се однесуваат за трети лица и не е обезбедно соодветно признавање на приходите од основачот. |
| 11.2.3. | Да се воспостават политики и начела за издвојување на средства на име задолжителна законска резерва во процент кој согласно законските прописи не може да биде помал од 15% од добивката се додека резервите на друштвото не достигнат износ кој што е еднаков на една петтина од основната главнина на претпријатието. | Спроведена е препораката | Воспоставени се политики и начела за издвојување на средства на име задолжителна законска резерва и се постапува по истите |
| 11.2.5. | Да се превземат соодветни активности и мерки за надминување на утврдените неправилности при евиденцијата на позициите на залихите на суровини и материјали, резервни делови, ситен инвентар и автогуми, односно да се обезбеди:<br>- донесување на акт од страна на Управниот одбор за прифаќање на Елаборатот за | Делумно е спроведена препораката | Не е обезбедено транспарентно и јасно презентирање на резултатите од пописот од пооделните комисии за попис, во Елаборатите за попис како основ за донесување на одлуки од страна на органот на управување |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | годишниот попис,<br>- донесување на сметководствени политики, за начинот на вреднувањето на залихите и нивниот потрошок, како и да се изготват сметководствени политики за начинот на сметководствена евиденција на ситниот инвентар при негово ставање во употреба<br>- практика, односно постапка да доколку при вршењето на пописот пописната комисија констатира состојба различна од состојбата по книговодството за истото биде известен Органот на управување кој со соодветен акт ќе одлучи за начинот на постапување при вакви состојби | | |
| 11.2.6. | Да се пропишат сметководствени политики и да се превземат мерки со кои ќе се воспостават процедури за изготвување на веродостојни сметководствени документи - работни налози кои ќе преставуваат основ за евиденцијата и со кои ќе се овозможи следењето на наменското и законското користење на средствата. | Делумно е спроведена препораката | Целосно не се почитуваат пропишаните сметководствени политики бидејки не се изработуваат работни налози за сите услуги дадени од претпријатието |
| 11.2.7. | Да се превземат активности за целосна и правилна евиденција на застарените/утужените побарувања и за оние за кои ќе оцени дека се ненаплативи да се предложи на надлежниот орган да донесе соодветен акт за отпишување на истите во согласност со Законот за облигациони односи. | Делумно е спроведена препораката | Извршен е отпис на ненаплатени побарувања, без презентирање на акти за основот на евиденцијата |
| | **Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојба** | | |
| 11.3.1. | Јавното претпријатие да пропише соодветни политики и да превземе активности за испитување на основаноста на постоењето и искажувањето на износот на позицијата државен јавен капитал, врз основа на веродостојни и уредни сметководствени документи. | Делумно е спроведена препораката | Донесени се потребните сметководствени политики, но не се презентирани акти за основот на евидентираниот износ во трговските книги на сметката државен јавен капитал |
| 11.3.2. | Да се превземат активности и мерки за пропишување на соодветни политики кои ќе | Не е спроведена препораката | Не се пропишани политики за извршување на целосен и правилен попис, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | овозможат извршување на целосен и правилен попис, усогласување на сметководствената со фактичката состојба на земјиштето согласно законските и подзаконските акти. | | усогласување на сметководствената со фактичката состојба на земјиштето и за начинот на неговото вреднување во трговските книги и не е извршен попис на истото |
| 11.3.3. | Да се превземат активности за конфирмирање на побарувањата и обврските кое ќе преставува основа за усогласување на побарувањата и обврските и нивното реално и објективно прикажување во финансиките извештаи. | Делумно е спроведена препораката | Не се изработува записник за најголемиот дел отворени ставки на побарувања и обврски |
| | **Ненаменско и незаконско користење на средствата** | | |
| 11.4.1. | Јавното претпријатие да обезбеди целосно почитување на одредбите од Законот за јавни набавки со кои ќе овозможи фер конкуранција, еднаква положба на понудувачите и економичност на набавките. | Делумно е спроведена препораката | При реализација на набавките не е обезбедено целосно почитување на одредбите од Законот за јавни набавки |
| 11.4.2. | Да се пропишат соодветни политики кои ке обезбедат доследно почитување на утврдените одредби од склучените договори и ке оневозможат незаконско користење на средствата на претпријатието. | Не е спроведена препораката | Нанесена е материјална штета на претпријатието заради не почитувањето на одредбите од склучените договори. |
| 11.4.3. | Директорот на Јавното претпријатие да превземе мерки и активности за укажување на членовите на Управниот Одбор за незаконитоста на донесената одлука, предложи акт за укинување на наведената одлука до надлежните органи и за истото го извести градоначалникот на Општината. | Делумно е спроведена препораката | Укинати се сите претходно донесени одлуки, но Советот на општина Штип наложува на претпријатието исплата на средства и понатаму се врши искажување, пресметување и наплата на манипулативни трошоци |
| 11.4.4. | Јавното претпријатие да превземе активности за пропишување на соодветни политики кои ќе овозможат доследно почитување на законските и подзаконските акти од областа на работните односи, утврдување на потребата од дополнителна работна сила, пополнување на слободните работни места и нивно ангажирање согласно Законот за агенциите за привремени вработувања. | Делумно е спроведена препораката | Ангажирањето на дополнителна работна сила, преку Агенциите за привремени вработувања да е проследено и со акти за потребниот број/вид на работна сила |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 11.4.5. и 11.4.6. | Да се превземат активности за пропишување на соодветни политики кои ќе оневозможат узурпирање на надлежностите на надлежните органи и пречекорување на овластувањата на директорот на претпријатието, ќе оневозможат понатамошно исполнување на обврските за плаќање на надоместоците во натура и ќе обезбедат доследно почитување на законските и подзаконските акти. | Делумно е спроведена препораката | Превземени се активности за надминување на наведената состојба, односно донесен е акт од управниот одбор за исплата на регрес за годишниот одмор, без да ја утврди поединечната висина на надоместокот. |
| 11.4.7. | Менаџментот и управниот одбор на претпријатието да пристапат кон оценување на донесената одлука од страна на претседателот на управниот одбор за користење на службено возило и утврдување на неговата одговорност. | Спроведена е препораката | Не се врши пресметување/исплата на средства по основ на користење сопствено возило за службени цели |